ПРИЛОГ VII
ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈАТА

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈАТА 3
2. ДОДАТОЦИ 5

1. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈАТА

1.1 | Идентификација на отпадни води

Според направената идентификација, следните видови отпадни води се релевантни за работата на живинарската фарма:

- Комунални отпадни води,
- Атмосферски отпадни води,
- Технички отпадни води (од чистење на објект).

Голден Ег со вода се снабдува од водоводната мрежа. Водата од водоводната мрежа се користи за комунални потреби и за повремено миење на фармата, но само при промена на турнус. Приклучокот на уличната водоводна мрежа е со профил ø 80 mm.

Изведбата на внатрешната водоводна мрежа е извршена со челични поцинкувани и пластични полпропиленски цевки. Полипропиленски водоводни цевки се користат за изведба на водоводната инсталација во рамките на санитарниот јазол. Останатиот дел од санитарната водоводна мрежа во внатрешноста на објект да се изведе со челични поцинкувани цевки. Изведбата на надворешната водоводна мрежа се изврши со полиетиленски водоводни цевки (ХДПЕ).

Снабдувањето со топла вода е преку електрични бојлери. Во санитарниот јазол снабдувањето со топла вода се врши преку електричен бојлер од 80l.

1.2 | Управување со отпадни води

Комунални отпадни води

Нормативот за создавање на комунални отпадни води по човек најчесто се изразува како дел од дневната потрошувачка на вода. Типичен норматив за Европа е околу 120 – 200 литри по човек на ден (l/жител/ден) потрошувачка на вода. За урбани средини како Скопје конзервативен норматив е околу 150 l/жител/ден, додека за за помали населби (рурални средини) тој изнесува околу 100. Дадените нормативи се однесуваат за населби и за стандардни комунални поттреби на домаќинства (пиење, миење, туширање, перење). Во случајот, бидејќи се работи за единечен објект (фарма), потрошувачката на вода е далеку помала бидејќи водата од аспект на комунални потреби на лицата на фармата се користи само за пиење и миење, поради што потрошувачка се провенува на 20-30 l/жител/ден. Нормативот за создавање на комунални отпадни води е 80–90%, односно толку од потрошената вода завршува како отпадна вода.

Поради тоа што во моментот нема канализациона мрежа во околината на која што објектите би се приклучиле, како преодно решение на локацијата на фармата изведени се бетонски непропустни септички јами на двете локации, секоја со димензии 3x3x3 m во која се собираат сите отпадни води (комунални отпадни води и води од перење на шталите при промена на турнус) и истата се сервисира по потреба.

Внатрешната и надворешната фекална канализација е изведена од пластични (ПВЦ) канализациони цевки. Во шталите за кокошки – несилки се поставени подни сливници ø 100 mm. На излезот на фекалната канализација надвор од објектите е поставена ревизиона шахта. Отпадните води се одведуваат до бетонирани септички јами поставена во дворот на секоја локација. Локацијата на септичката јама на секоја локација е дадена во додаток 1.

Атмосферски води

Атмосферската вода од кровната површина се прифаќа преку атмосферски вертикали и се испушта во дворната површина.

Технички отпадни води

Како што претходно беше наведено, отпадните води од перење на шталите при промена на турнус се собираат во септичките јами.

При промена на турнус, односно на 90 недели, се врши темелно перење на шталите. Перењето се врши со вода под притисок за што просечно се троши околу 8 до 12 литри по m^2 или 8-9 m^3 вода за околу година и половина.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Локации на септички јами

Додаток 1 Локации на септички јами

КП 95/3



КП102/1



KPAJ